УДК: 821.163.4(497.6)-31(049.3)

# ОД(ИСЕЈ)АТА НА ВРАЌАЊЕТО – ТАЈНАТА НА ТАЈАН
(кон романот Putovanje u Tajan од Ferid Muhić,
Sarajevo, Connectum, 2021)

**Ана Димишковска**

ПРИКАЗИ

„Не се дознава сѐ."

А, сепак, сето знаење е веќе тука. Збиено, згуснато, како *мирисот на боровата смола*, како неискажливиот прв проблесок на свеста за себеси и за светот; *првото сеќавање* што со својот *штимунг*, со својот колорит и длабочина, ја проникнува целата партитура на нашиот подоцнежен живот, на нашата единствена, неповторлива мелодиска линија вткаена во мистичната симфонија на универзумот.

Ако животот е едно неповратно патување од изворот кон утоката, до мигот кога реката на нашето суштествување ќе се влее, ќе се расточи во големиот океан на непознатото, филозофската размисла за животот нужно е одисеја – не помалку сложена и полна со искушенија – која оди во спротивната насока. Тоа е одисеја на враќањето кон врутокот, на пливањето против моќната матица на заборавот и инерцијата, сѐ до вистинската, нашата, најличната Итака, врховниот топос на персоналната историја, единствениот наш вистински дом, *изворот од кој потекла реката на нашиот живот*. Само додека трепери светлината на свеста ја имаме таа чудесна привилегија да ги симнеме многуслојните завои на времето со кои, како *мумија на сѐ уште жив крал*, е обвиено нашето *прадревно, заборавено лице*; привилегијата да се доближиме до самата срж на себството од која со непредвидлив клокот, по некои само за неа познати закони, избиваат на површина мислите, доживувањата, чувствата што се превира-

ат во нејзините понорни длабочини и што го конституираат нашето безвременско јадро.

Овој роман, таинствен како неговото име, наративно предизвикувачки како дневните патувања пеш низ планините од Скопје во Македонија до родното Махоје во Босна, и филозофски длабок како ноќните патувања до себе низ диплите на сеќавањето, Бергсоновските нишки, од кои е исткаен сопствениот дух и идентитет, е една токму таква фасцинантна „лична одисеја“. Таа, според зборовите на самиот автор, е „враќање во Босна како во моја Итака. Бев како Одисеј кој веќе не помни ниту против кого војувал, ниту кој победил во таа војна; тоа дека треба да се врати е единственото што сѐ уште го знае“.

На тоа двојно патување–враќање, дење тече *времето*, мерено со изгрејсонцето и зајдисонцето, со долгите часови напорно пешачење низ разиграната топографија на шумите и ледините, реките и долините, макадамските и шумските патишта, суровите и благите пејзажи што наизменично се отвораат едни по други. Тоа е време на свесниот самопредизвик: време во кое телото ја става во погон целокупната своја моќ и издржливост, фокусирајќи ги своите сили на директниот, ризичен и непосреден контакт со сегашноста и опстанокот во неа, ги напрегнува и ги изострува сетилата, мигновено ги приспособува начините на дејствување, низ непредвидливите средби со луѓето и со животните, многубројните опасности и екстатичните доживувања на волшепствата на природата.

А ноќе... ноќе, со сеќавањата што лежат на самиот праг на свеста и досегаат до најраните и најдлабоките слоеви на личносната егзистенција, низ реминисценциите, се ткае *траењето*, вистинскиот, внатрешен живот на духот. Низ него, континуитетот на сето доживеано во минатото се амалгамира во неповторливоста, автентичноста на сопственото искуство, сопствениот допир со срцето на светот... и со луѓето низ кои пулсира неговиот длабински ритам. Имено, едно од чудесните сознанија што ги остава читањето на овој роман, како деликатен вкус на непцето што останува и откако ќе се испие голтката од најдоброто вино, е дека тајната на светот и на нашиот пат низ него, можеби се крие токму во *нив*: во самите луѓе низ кои ни е дадено да се открие и да се избруси скапоцениот камен на соп-

ствената егзистенција. Оние личности чии траги, опточени со златниот ореол на нашето сеќавање, ќе ги сретнеме пак кога ќе ги раздиплиме пластовите на времето, сè до првиот, најдлабокиот слој, каде што некои од нив се јасно врежани наспроти сите закони на психологијата и физиологијата на помнењето. Можеби затоа што психологијата и физиологијата на помнењето се хиерархиски наткрилени, супериорно надвишени од *метафизиката на сеќавањето*. Таа засекогаш, во пазувите на сопствената Тајан-планина, ги чува живи и безвременски ликовите на оние низ кои сме ја примиле сопствената душа и сопствениот поглед, својата чувствителност за убавината, својата индигнација кон злото, издржливоста во соочувањето со неправдата и бруталноста, борбеноста за она што го сакаме и на што сме му го посветиле, завештиле сопствениот живот, натчовечката сила со која се останува нескршен по незамисливите трагедии. Затоа, се чини, дека вистинските врвови на кои им се враќа патникот од овој поход се фасцинантните човечки височини до кои токму таму, меѓу планините, шумите, реките, ливадите, мирисите и боите на Босна, меѓу историските епизоди на нејзината возвишена и трагична, конвулзивна судбина, се издигнале ликовите од личниот пантеон – Хусеин-бег, Фатима, Сабрија, Исмет, Младен, Франциска, Илија... – предците, родителите, учителите на љубовта, вербата, моралната сила и хероизмот кои ги втиснале во своите физички и духовни потомци.

Затоа патувањето до Тајан е пат до хронотопот, метафизичката точка која истовремено е и простор и време; или, можеби, која е самиот искон и на просторот и на времето, на телото и на духот, на res extensa и на res cogitans, просветленото место каде што е посеано семето на личната ентелехија која секогаш, дури и на начини неразбирливи за самите нас, го следи внатрешниот, неодолив, сиренски повик на сопствениот телос. Планината Тајан, во срцето на Босна, финалната дестинација на искушувачкото патување на самооткривањето, не е само величествен пејзаж што ја растреперува душата со својата трансцендентна убавина. Таа е симбол на светот од кој се напојуваат најдлабоките корени на егзистенцијата – светот на љубовта како онтолошка сила на создавањето, опстојувањето и спознавањето. „Љубовта е она што го создава генијот“, како што гласи

Моцартовата мисла земена како мото во самото финале на романот. Тоа е вистинскиот дом кон кој копнее да се врати нашата душа, затоа што како што куќата е дом за телото, така и љубовта – чистата, неразорна, херојска, бесмртна љубов со која сме биле благословени при телесното и духовното раѓање и созревање – е дом за душата. Домот во чии топли, заштитнички прегратки се лулкаат, се обликуваат умот и срцето на вистинскиот човек, се ткае суптилното ткиво на сеќавањето и на идентитетот, се раскрива големата тајна на постоењето и се рашируваат крилјата на нашите таинствени ноќни летови со кои ги оставаме своите неизбришливи траги како детски џемперчиња мистериозно врзани на највисоките гранки на дрвото на животот.